Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**
1.	Наслов на наставниот предмет	Фиксна стоматолошка протетика
2.	Код	ОХЗФП3
3.	Студиска програма	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за стоматолошка протетика
5.	Степен (прв, втор, трет	Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални

	циклус)	хигиенолози			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	5
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	4			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р. Билјана Капушевска, наставници и соработници од Катедра за стоматолошка протетика			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Освоени кредити од Анатомија со дентална морфологија, Клиничка орална хигиена			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Основни цели од овој предмет се студентот орален хигиенолог да биде припремен прво со теоретски знаења од областа на фиксна стоматолошка протетика, започнувајќи од дентални коронки, завршувајќи со безметални керамички мостови. На тој начи ќе биде припремен за практична работа со терапевтот во стоматолошката ординација.			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	**Теоретска настава -предавања** 1 Поглавје 1. Подготовка на работното место за привремени фикснопротетички изработки од страна на оралниот хигиенолог. .....2 часа 2. Привремени дентални коронки и дентални мостови, видови на привремени дентални коронки и мостови – конфекциски или индивидуално изработени. .....2 часа 3. Материјали и видови начини за изработка на привременте фикснопротетички конструкции.Општи карактеристики на акрилатите, состав, класификација според начинот на иницирање на полимеризацијата и употреба.....2 часа 4. Потготовка на работното место за изработка на дефинитивни фикснопротетички конструкции по фази – од отпечаток до дефинитивно цементирање кај пациентот.....2 часа 5. Карактеристики на функционална оклузија, линии карактеристични за функционална оклузија, оклузална анализа, видови оклузија.....2 часа 6. Леани надградби. Помошни материјали во протетичката практика.....2 часа 7. ТМН - Бруксизам.....3 часа *Резултати од 1 поглавје :* студентите ОХ во првото поглавје се запознаваат со голем дел од идната нивна професија – подготовка на работното место за изработка на фикснопротетики конструкции. Истовремено се зпознаваат со поимите на функционална оклузија и бруксизам. 2 Поглавје 8. Диференцијална дијагноза и етиолошки фактори за појава на бруксизам.....2 часа 9. Компликаци при бруксизам – терапија со изработка на оклузални сплинтови.....2 часа 10. Дентални коронки – фази на изработка. Поделба на денталните коронки.....1 час 11. Вистински дентални мостови и краток осврт на алтернативни мостови. Стоматогнатен систем и негови функции.Поим и дефиниција за мост. Делови на мост и нивна улога. Делови на			

		тело на мост на напречен пресек.....2 часа 12. Класификација на дентални мостови. Начини за изработка на индивидуално изработени привремни мостови според различни видови на материјали. Индикации, контраиндикации за изработка на мост, предности и недостатоци.....2 часа 13. Планирање на дентални мостови според вреднување на столбните заби според протетички фактори. Препарација на забите за мост, видови демеркциони линии. Избор на потребни насадни иструменти и брусни тела за препарација, методи и материјали за отпечатување за дентални мостови и проба на денталните мостови.....2 часа 14. Цементирање на дентални мостови – привремено и дефинитивно цементирање со упоптреба на соодветни материјали. Демонтирање, симнување на стари коронки и мостови со употреба на соодветни инструменти.....2 часа 15. Безметални целосно керамички фиксни протези (мостови) – индикации, контраиндикации, предности и недостатоци на безметалните фиксни протези (мостови). Препарација на забите носачи за безметални фиксни протези (мостови) – современ пристап на препарација, потребни инструменти. Класификација на безметални фиксни протези (мостови).Техники за изработка на безметални фиксни протези (мостови).....2 часа *Резултати од 2.поглавје:* Во ова поглавје ОХ продолжуваат со подлабоки познавања од областа на бруксизам, планирање и изработка на дентални коронки и мостови, како и посебно посветување на внимание за безметалните керамички фиксни протези (мостови) **Вкупно: .....*30 часа*** ***Практична настава-вежби*** Студентите во текот на семестарот ќе присутвуваат на Клиниката за фиксна стоматолошка протетика, кадешто активно ќе се вклучат во работата со пациентите.Ќе се запознаат со основните принципи на работа за изработка на фикснопротетички конструкции – запознавање и употреба на материјали за работа, инструменти што се потребни за соодветната работа. Задолжително се запознаваат со стерилизација на употребените инструменти. ***Вкупно .....15 часа***		
13	Заемна поврзаност на предметите	Постои тесна корелација со Стоматолошка мобилна протетика		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивна настава, вежби лабораториски или клинички, работа во мали групи, презентирање и изведување на лабораториски постапки, демонстрирање на инструменти и методи кои се користат, тимска работа		
15.	Вкупен расположив фонд на време	**120 часа**		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	**30 часа**
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	**15 часа**
		16.3.	Пракса: часови	**60 часа**
	Други форми на	17.1.	Проектни задачи: часови	

17.	активности				
		17.2.	Самостојни задачи: часови		
		17.3.	Домашно учење - задачи		**15 часа**
18	Услови за потпис				
19	Начин на оценување				
	19.1.	Тестови: бодови		2 x 20 бода	
	19.2.	Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови		10 бода	
	19.3.	Завршен испит: бодови		50 бода	
20	Критериуми за оценување (бодови/ оценка)		до 59 бода	5 (пет) (F)	
			од 60 до 68 бода	6 (шест) (E)	
			од 69 до 76 бода	7 (седум) (D)	
			од 77 до 84 бода	8 (осум) (C)	
			од 85 до 92 бода	9 (девет) (B)	
			од 93 до 100 бода	10 (десет) (A)	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот		
22.	Литература				
	22.1.	Задолжителна литература			

		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Капушевска Б. и сор.	Стоматолошка протетика – стоматолошка фиксна протетика I дел	Стоматолошки факултет, Скопје, МагнаСкен	2018
		2.	Капушевска Б. и сор.	Технологија на фгиксни протези (мостови) второ дополнително издание	Стоматолошки факултет, Скопје, МагнаСкен	2019
		3.	Капушевска Б. и сор.	Практикум претклиничка фиксна протетика – фиксни протези (мостови)	Стоматолошки факултет, Скопје, МагнаСкен	2019
		4.	Билјана Капушевска	Бруксизам и оклузални парафункции општ дел	Стоматолошки факултет, Скопје Техносан	2014
		5.	Билјана Капушевска	Бруксизам и оклузални парафункции специјален дел	Стоматолошки факултет, Скопје Техносан	2015
	22.2.	Дополнителна литература				
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	А. Демиен Валмсли и сор.	Реставративна стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011
		2.	Џејмс Б.Смит и сор.	Основи на реставрација на забите	Арс Ламина ДОО	2011

		3.	Џои Д. Да Силва, Давид А. Мичел, Лора Мичел, Пол Брантон	Американски прирачник за реставративна стоматологија	Арс Ламина ДОО	2011